РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 20.07.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4792/1 | 0 | |


**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКАС.МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за виното, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_______________

Борислав Крмов_______________

Реџеп Исмаил_______________

Јована Мојсоска_______________

Амар Мециновиќ_______________

Сашко Јанчев_______________

2

Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ВИНОТО

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,
јули 2026 година

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за виното се уредуваат планирањето и управувањето со производствениот потенцијал за производство на винско грозје, производството на вино, пазарот и прометот со вино, класификацијата на вината, производството, означувањето и заштитата на вината со географски назив, како и описот, означувањето и заштитата на виното.

Исто така, со Законот се уредува и начинот на утврдување на цената на винското грозје за производство на вино, која се определува врз основа на шеќерните единици. Откупувачите се должни при откупот да ги измерат шеќерните единици, да издадат потврда за количината и квалитетот на откупеното грозје и пред почетокот на винската година јавно да ја објават цената по шеќерна единица за секоја сорта, со цел да се обезбедат транспарентност, предвидливост и правна сигурност за производителите на винско грозје.

Сепак, членот 23 став (7) од Законот предвидува можност претходно објавената цена да се намали до 8% доколку исплатата за откупеното грозје е извршена целосно и во законскиот рок. Ваквото решение создава правна несигурност и ги става производителите на винско грозје во понеповолна положба, бидејќи остава простор за намалување на однапред објавената откупна цена.

Оттука, со предложеното бришење на ставот (7) од членот 23 ќе се обезбеди однапред објавената откупна цена да биде конечна и непроменлива, ќе се спречи можноста за нејзино намалување и ќе се зајакнат правната сигурност и економската предвидливост за производителите на винско грозје.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот не се потребни дополнителни финансиски средства.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување на Законот за виното, по скратена постапка.*

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИНОТО

Член 1

Во Законот за виното (Службен весник на РМ бр.74/2024 и 208/2024) во член 23 ставот (7) се брише.

Ставот (8) станува став (7).

Член2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИНОТО

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлог – законот содржи два члена.

Со членот 1 се брише ставот (7) на членот 23 од основниот закон, одредба која остава простор за намалување на претходно утврдената откупна цена на винско грозје.

Членот 2 го предвидува денот на влегување во сила на законот запазувајќи го вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се спречи можноста за намалување на откупната цена на винско грозје и ќе се зајакнат правната сигурност и економската предвидливост за производителите на винско грозје.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ВИНОТО**
**КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ**
(ИЗВОД)

**Цена на винско грозје**
**Член 23**

(1) Цената на винското грозје за производство на вино се утврдува и се исплаќа врз основа на шеќерни единици.
(2) Трговците со винско грозје и производителите на вино се должни во моментот на откупот на винското грозје за производство на вино да ги измерат шеќерните единици на винско грозје и на производителите на винско грозје да им издадат потврда за количината на откупено винско грозје и шеќерни единици на винското грозје за секоја сорта на винско грозје поединечно.
(3) Трговците со винско грозје и производителите на вино се должни најдоцна до почетокот на винската година да објават цена по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје поединечно по која ќе откупуваат винско грозје за производство на вино.
(4) Доколку објавената цена од став (3) на овој член е под производната цена утврдена согласно со членовите 21 и 22 од овој закон зголемена за 25%, откупувачот е должен до Министерството да достави извештај за остварени приходи и расходи од откуп и продажба на винско грозје и производство и продажба на вино во претходната година.
(5) Веродостојноста на податоците во извештајот од ставот (4) на овој член со инспекциски надзор ја проверуваат Државниот инспекторат за земјоделство и Управата за јавни приходи.
(6) Откупувачите од ставот (3) на овој член кои нема да го достават извештајот од ставот (4) на овој член или ќе достават неверодостоен извештај или од податоците во извештајот се утврди дека оствариле приходи за 25% повеќе од реализираните расходи, а објавиле цена под производната цена утврдена согласно со членовите 21 и 22 од овој закон зголемена за 25%, немаат право на финансиска поддршка, согласно со годишната програма за финансиска поддршка во лозарството и винарството од членот 7 од овој закон, како и од годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството и годишната програма за финансиска поддршка во руралниот развој, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.
(7) Утврдената цена, согласно со ставот (3) на овој член, може да се намали најмногу до 8% во случај кога исплатата на износот за откупеното винско грозје се врши во целост согласно со членот 20 од овој закон.
(8) Откупот на винско грозје за производство на вино се врши согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, доколку поинаку не е уредено со овој закон.